Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

Врз основа на член 8 став 1, точка 1 и член 20 од Уставот на Република Македонија(Сл. Весник на РМ бр. 52/91) и член 4,10,17 и 18 од Законот за здруженија и фондации(Сл. Весник на РМ 52/10 од 16.04.2010 година) на основачкото собрание наАсоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на ивент индустријата- АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА одржано на ден 04.06.2020 година во Скопје, се донесе:

**С Т А Т У Т**

**на Асоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на ивент индустријата-АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА - ИВАП**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се регулираатназив,седиште, дејноста, организационата поставеност и функционирањето на Асоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на ивент индустријата-АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА – ИВАП(во понатамошниот текст: АСОЦИЈАЦИЈАТА).

**Член 2**

АСОЦИЈАЦИЈАТА ја основаат правни лица – фирми основани во Република Северна Македонија, со нивно доброволно здружување заради остварување на заеднички интереси и унапредување на нивното работење.
Во АСОЦИЈАЦИЈАТА доброволно се здружуваат и трговци поединци и физички лица кои работат во сферата на дејноста или сродни дејности.
Основачи на АСОЦИЈАЦИЈАТА се следните членови:

1. Друштво за филмска продукција 3Д ПРОЕКТ СТУДИО ДОО Скопје, со седиште на Бул. Партизански одреди бр. 27А/22 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 4810163, застапувано од Татјана Узунова- Георгиевска- Управител
2. Друштво за трговија и услуги АВЦ ГРОУП ДОО Скопје, со седиште на ул. Борка Талевски бр.13А, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 5961203, застапувано од Управител- Игор Трајкоски
3. Агенција за продукција и снимање филмови АКВАРИУС ДИЗАЈН ДОО Скопје, со седиште на Бул. Партизански одреди бр.70/Б Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 5544378, застапувано од Александар Чоланчевски – овластено лице
4. Друштво за производство, трговија и услуги АЛФА САУНД ДООЕЛ Кочани, со седиште на Димитар Влахов ББ Кочани, Кочани, со ЕМБС: 6159648, застапувано од Стево Манасиев- управител
5. Друштво за производство, трговија, услуги, консалтинг и инжинергинг АЛФА АУДИО ДООЕЛ Скопје, со седиште на Васил Ѓоргов бр. 20Б- 1/д.п 21, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 5308186, застапувано од Антоние Анѓушев- овластено лице
6. Друштво за производство, услуги и трговија АМСКИ ДООЕЛ извоз- увоз Скопје, со седиште на Бул. Св.

Климент Охридски бр 21/2 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 4420241, застапувано од Никола Димитровски- овластено лице

7. Друштво за производство, трговија и услуги АУДИО ЕКСПЕРТ извоз- увоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на Иван Милутиновиќ бр. 31 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 6258034, застапувано од Владимир Филевски- управител
8. Друштво за маркетинг, издаваштво и посредување БАГИ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на Букурешка бр.21, Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 4483685, застапувано од Владимир Мандичевски, овластено лице
9. Друштво за маркетинг, продукција и услуги БЕКСТЕЈЏ- МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Хо Ши Мин бр. 96А, Скопје- Бутел, Скопје, со ЕМБС: 7082347, застапувано од Јулија Цветковска- Управител
10. Друштво за трговија и услуги БОТТЕГА ИВЕНТИ ДОО Скопје, со седиште на Златко Шнајдер бр. 6А/37, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 6765939, застапувано од Марија Зекмановска Митреска и Ивана Новакова Куновска, управители
11. Друштво за филмска продукција и дистрибуција ДЕЛ РИО ДООЕЛ експорт- импорт Скопје, со седиште на Бул. Партизански Одреди бр. 86-1/12, Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 7289332, застапувано од Оливер Ромевски, управител
12. Друштво за производство, трговија и услуги ДИМОВСКИ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 50 бр. 3, Радишани, Бутел, со ЕМБС: 7370040 застапувано од Томислав Димовски
13. Друштво за маркетинг, филмска и ТВ продукција ДРИМ ФЕКТОРИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр. 5/8, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 6303226 застапувано од Огнен Антов- управител
14. Друштво за трговија и услуги ЕНЏОЈ БАЛКАНС ДОО Скопје, со седиште на Васил Главинов бр. 7Б/6-ти спрат, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 6867863, застапувано од Гоце Робев, управител
15. Друштво за промет и услуги К ЕНД Д АУДИО ДООЕЛ Скопје, со седиште на Кавадарска бр. 20, Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со ЕМБС: 6692028, застапувано од Кристијан Младеновски- управител
16. Друштво за сценско културни дејности КЛС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрије Туцовиќ бр.12/10, Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 5551803, застапувано од Бошко Мангаровски- овластено лице
17. Друштво за аудио- видео продукција и меркетинг КОТИЛЕДОН ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул Видое Смилевски Бато бр. 14а-2/39 Скопје- Аеродром, Аеродром, со ЕМБС: 6270174, застапувано од Ивица Маринковиќ- управител
18. Друштво за трговија и услуги МАРИЛИ ЛИДИЈА ДООЕЛ увоз- извоз Скопје, со седиште на Хо Ши Мин бр. 327/Б, Скопје- Чаир, Чаир, со ЕМБС: 4761278, застапувано од Лидија Трипуноска- овластено лице
19. Друштво за промет и услуги ММ-АКУСТИКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Никола Русински бр. 3А- 1/16 Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 7115385, застапувано од Марјан Милошевиќ- управител
20. Друштво за видео и фото продукција МОМЕНТС ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 149/3-7,

Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 7366256, застапувано од Огнен Ацевски- овластено лице

21. Друштво за филмска продукција, издавачка дејност, трговија и услуги МУНЛАЈТ ДОО увоз- извоз Скопје, со седиште на Бул. Киро Глигоров бр. 5, Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со ЕМБС: 5851831, застапувано од Димитар Сеизов- управител
22. Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Перо Наков ББ Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со ЕМБС: 6522980, застапувано од Методија Саздов- управител
23. Агенција за маркетинг комуникации ПАНЕКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански бр. 64-2/10 Скопје- Аеродром, Аеродром, со ЕМБС: 5020310, застапувано од Златко Панов- овластено лице
24. Друштво за производство, трговија и услуги ПЕВАЦ ЛИС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Никола Тесла бр. 4-1/7, Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 6877052, застапувано од Сашо Јаневски- управител
25. Друштво за производство, трговија и услуги ПРО АУДИО СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Костурски херои бр. 73/1 лок. 1 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 5092027, застапувано од Донче Ставровски- овластено лице
26. Друштво за трговија и услуги ПРОИВЕНТ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Илинден бр.77/4 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 6877184, застапувано од Миланчо Тодевски- управител
27. Друштво за трговија, услуги и производство РЕВЕРСА ДОО Скопје, со седиште на Демир Трајко бр. 11/-Б, Скопје- Карпош, Карпош, со ЕМБС: 5967953, застапувано од Никола Ѓорѓиевски- овластено лице
28. Друштво за производство, трговија и услуги РИВЕРСОФТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Струмица, со седиште на Браќа Миладинови бр. 18, Струмица, Струмица, со ЕМБС: 6954413, застапувано од Тони Костав- управител
29. Друштво за трговија и услуги СМКМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр. 2- ГТЦ ПР. Д.Е/240 Скопје- Центар, Центар, со ЕМБС: 7178000, застапувано од Мишко Караџоски- управител
30. Друштво за производство, трговија и услуги ТРОИКА СТУДИО ДОО Скопје, со седиште на 852 бр.62 Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со ЕМБС: 6855369, застапувано од Сашо Коцевски- управител
31. Друштво за производство, трговија и услуги УЗУНОВ СОУНД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Христо Татарчев бр. 276 А Скопје- Кисела Вода, Кисела Вода, со ЕМБС: 7333692, застапувано од Иван Узунов- управител
32. Друштво за производство, трговија и услуги ФАНПРОДУКЦИЈА 2004 увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, со седиште на Караорман бр.10, Прилеп, Прилеп со ЕМБС: 7121644, застапувано од Оливер Ангелески- управител
33. Друштво за трговија и услуги ФОНОЛУКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пресека бр. 10Б Скопје- Карпош, Капрош, со ЕМБС: 7297696, застапувано од Мартин Крстевски- управител
34. Друштво за организација на состаноци и деловни саеми ФРАГМЕНТ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански бр. 56-1/2, Скопје- Аеродром, Аеродром, со ЕМБС:

6741258, застапувано од Дарко Јовановски- управител

35. Друштво за организирање, културно и забавни активности СПЕКТАКЛУМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на 16-та Македонска Бригада бр. 2/1/21 Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со ЕМБС: 6639593, застапувано од Горанчо Ампов- управител
36. Друштво за организирање спортски настани, промет и услуги ТАГ ТИМИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Владимир Комаров бр. 1/4-9 Скопје- Аеродро,. Аеродром, со ЕМБС: 7072384, застапувано од Кире Синадиновски- управител
37. Друштво за услуги и трговија ХДВ СТУДИО ФОКА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Видое Смилевски Бато бр. 12-2/домар, Скопје- Аеродром, Аеродром, со ЕМБС: 6329268, застапувано од Наташа Јовановска- управител
38. Друштво за производство, трговија и услуги ЧИН 4 СЦЕНА 5 увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, со седиште на Круме Волнароски бр.99 В Прилеп, Прилеп, со ЕМБС: 7229739, застапувано од Симона Трајческа Нацевска- управител

АСОЦИЈАЦИЈАТА има својство на правно лице со свои права, должности и одговорности во согласност со Законот и овој Статут и претставува облик на здружување преку кое нејзините членови дејствуваат во остварувањето на целите и задачите предвидени во овој Статут.
АСОЦИЈАЦИЈАТА е независно и непартиско здружување на правни лица.

**Член 3**

АСОЦИЈАЦИЈАТА своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, позитивните законски и подзаконски прописи кои ја регулираат дејноста на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА, како и согласно овој Статут.
АСОЦИЈАЦИЈАТА во своето работење ќе се придржува кон начелата на: независност, јавност и транспарентност, непрофитност, непартиско делување, иницијативност во јавниот живот, слободно пазарно работење, неограничување на конкуренцијата, како и сите останати начела кои се својствени за трговските дејности на нејзините членови.
Со АСОЦИЈАЦИЈАТА управуваат нејзините членови непосредно или преку избраните претставници во органите.

**Член 4**

АСОЦИЈАЦИЈАТА има својство на правно лице и таквиот статус го стекнува со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
АСОЦИЈАЦИЈАТА се основа на неопределено време.
АСОЦИЈАЦИЈАТА во правниот промет ќе настапува во свое име и во името и за сметка на своите членови.

**ИМЕ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ЗНАК И СИМБОЛ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА**

**Член 5**

Полното име на Асоцијацијата гласи:

**Асоцијација за остварување на заеднички интереси иунапредување на работењето на компаниите во областа на ивент индустријата-АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА - ИВАП**

Скратеното име на Асоцијацијата гласи:

**АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА - ИВАП**

Името на Асоцијацијата во превод на англиски јазик,акое ќе се користи вонадворешниот промет, гласи:

**EVENT INDUSTRY ASSOCIATION.**

**Член 6**

Седиштето на АСОЦИЈАЦИЈАТА е на следната адреса:**ул. Никола Парапунов 33/28, 1000 Скопје**

АСОЦИЈАЦИЈАТА има свој печат и штембил, кои госодржат името на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Печатот има форма на круг на кој периферно е испишано името со кириличнописмо на македонски јазик, а во средината на печатот е кратенката на името на АСОЦИЈАЦИЈАТА - ИВАП

Штембилот има правоаголна форма, со линии за број, место и датум.

АСОЦИЈАЦИЈАТА има свој знак и симбол кои сеутврдуваат со посебен акт/одлука на Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

**ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 7**

АСОЦИЈАЦИЈАТА ќе работи на остварување на своите цели и задачи, како и на поширoки заеднички интереси на нејзините членови. Како посебни цели и задачи се издвојуваат следните:

- олеснување и унапредување на вршењето на дејностите кои го сочинуваат предметот на работењето на членовите, овозможувајќи им да го зголемат или подобрат нивниот резултат;
- ефикасно остварување на интересите на членовите, унапредување на нивното работење, развој на регулаторната рамка за вршење на дејностите на членовите, делување според принципите на взаемност, професионалност, општествена одговорност и развивање на високи етички стандарди на струката;
- заштита на заедничките интереси на членовите, подобрување и зголемување на продуктивноста на нивното делување, како и обезбедување на еднакви пазарни условиво однос на другите дејности, со почитување на начелата на самостојност, независност воработењето и слободно пазарно работење без ограничување на конкуренцијата вооваа гранка.

Темелните програмски начела и определби во кои се содржани горенаведенитецели и задачи, се појдовна основа за подготовка на долгорочните, среднорочните икраткорочните планови и програми за работа на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

**ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА**

**Член 8**

Предметот на работење на АСОЦИЈАЦИЈАТА, односно нејзините дејности со кои се остваруваат целите исклучиво се доведуваат во врска со дејности коишто ги вршат нејзините членови и се од корист на тие активности, а се состојат од следното:

- дејностите во областа на организацијата на настани од секаков вид и карактер;
- дејностите во обласна на изнајмување на техничка опрема за реализација на настаните
- дејностите во областа на поддршка, производство, сервисирање и инасталација на техничка опрема за реализација и поддршка на настаните
- дејностите од областа на ТВ,филмска и видео продукција за поддршка на настаните
- дејностите од областа на аудио продукција за поддршка на настаните
- трговци поединци на лица кои се во директна или индиректна поврзаност со настаните
- физички лица кои обавуваат дејност кои се во директна или индиректна поврзаност со настаните
- поттикнување на општите и заеднички интереси, развој и унапредување на работењето начленовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- разгледување на прашања, во врска со унапредување на работењето на членовитена АСОЦИЈАЦИЈАТА, како и пружање стручна помош за решавање на тековните проблеми во дејностите;
- усогласување на појавени спротивности и различни интереси во рамките надејностите кои ги вршат членовите, имајќи ги предвид интересите во целина;
- застапување на заедничките интереси на членовите во комуникацијата со надлежните органи за проблемите кои се јавуваат како резултат од примена на законите, останатите прописи и мерки во областа на делување;
- давање мислења до сите надлежни органи и институции по однос на подготвенитекстови на предлози на законски, подзаконските прописи и останати акти што сеоднесуваат на работењето на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА, подготвување иницијативи и барања за изготвување на потребните акти и прописи, односно изменување и дополнување на постоечки акти и прописи во согласност со потребите и интересите на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- усвојување заклучоци и предлагање мерки што се од заеднички интерес начленовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добритеделовни обичаи;
- следење и проучување на праксата од работењето на надлежните органи и лицаташто вршат јавни овластувања, која се однесува на правилна и единствена применана законските, подзаконските прописи и останатите акти од доменот наработењето на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА и во таа насока усогласување на ставовите и мислењата во комуникација со надлежните органи и комори;
- иницирање и остварување соработка по прашања од заеднички интерес со другиздруженија, асоцијации и нивни членови, како и меѓународна соработка;
- воспоставување меѓународни односи и јакнење на угледот на индустријатаво земјата и во странство;
- соработка со научни и стручни организации и институции во земјата и во странствосо цел развој и унапредување на индустријата;

- вршење промотивни активности и организирање конференции, советувања,изложби и други настани што се од посебен интерес за АСОЦИЈАЦИЈАТА и за нејзините членови во целина;
- иницирање заеднички програми од интерес на струката на членовите, обединување и координирање на работата на заедничките програми;
- унапредување на бизнис-климата во земјата, поттикнување на имплементацијатана европските правила и стандарди, перманентно функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- промовирање на АСОЦИЈАЦИЈАТА како препознатлива институција на бизнисот и неутрално место за консултирање на бизнисот за сите прашања и иницијативи од интерес за дејноста;
- давање и обезбедување обука и издавање сертификати;
- регрутирање, промоција и развој на квалитетни човечки ресурси преку развивањена волонтерска пракса;
- давање придонес кон подигнување на свеста на постојните и идните клиенти начленовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- сите останати дејности со кои се остваруваат цели и задачи на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

**НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 9**

Член на АСОЦИЈАЦИЈАТА може да биде правно лице, трговец поединец или физичко лице кое обавува дејност или сродна дејност.
Секој член доброволно пристапува кон АСОЦИЈАЦИЈАТА под услови предвидени во овој Статут, а со самото членство ги прифаќа целите, Статутот и сите останати акти на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
Со самото основање на АСОЦИЈАЦИЈАТА, нејзини членови станувaат основачи - потписници на Актот за основање.
АСОЦИЈАЦИЈАТА води регистар на членови и евиденција на членовите на нејзините органи, а податоците од регистарот се ажурираат најмалку еднаш годишно.

**Член 10**

Во текот на целиот временски период на постоење на АСОЦИЈАЦИЈАТА кон неа може да пристапи секое лице кое ги исполнува условите од овој Статут или другите акти.
Приемот на нов член од став 1 од овој член се врши по негово барање, а врз основа
на одлука на Собранието за прием на нов член, при што Собранието утврдува дали се исполнети следните услови за зачленување:

- условот за членство предвиден во член 9 од овој Статут,
- доколку членот не бил претходно исклучен од членство во АСОЦИЈАЦИЈАТА согласно член 11 од овој Статут, како и
- доколку не постои околноста наведена во член 11 став 1 алинеја 6 од овој Статут

Правното лице кое пристапува во Асоцијацијата треба да ги исполни и следните критериуми, за да се смета за полноправен член на Асоцијацијата:

- Да биде ДДВ обврзник
- Да постои најмалку 2 години
- Да има изработено и да приложи најмалку 3 референтни проекти од дејноста
- Да биде „еснаф“ фирма

Доколку се приклучува правно лице кое не постоело најмалку 2 годининема да се смета за полноправен член, но може да биде придружен член на Асоцијацијата, без право на глас во истата.
Новиот член кој пристапува кон Асоцијацијата плаќа котизација. Висината на котизацијата и начинот на плаќање на котизацијата се определуваат со одлука на Собранието.
Зачленувањето во Асоцијацијата се врши со пристапница, која при исклучување или престанок на членувањето во Асоцијацијата, задолжително се враќа со потпишување на лична изјава.

**Член 11**

Член на АСОЦИЈАЦИЈАТА може да биде исклучен од неговото членство во поради следните причини:

- сериозно пропуштање да ги изврши неговите обврски предвидени во член 14 став1 од овој Статут кои произлегуваат од членството во АСОЦИЈАЦИЈАТА, вклучувајќи особено неплаќање или нередовно плаќање членарина;
- причинување или предизвикување сериозен прекин во работењето наАСОЦИЈАЦИЈАТА или ако постои сериозна опасност да дојде до прекин во работењето поради постапки на членот;
- непочитување или постапување спротивно на одлуките, заклучоците и ставовитена Собранието;
- недолично и непрофесионално однесување на член на АСОЦИЈАЦИЈАТА или негов претставник на Собранието или во облиците на организирање во рамките на АСОЦИЈАЦИЈАТА, со што се причинува материјална штета на АСОЦИЈАЦИЈАТА или на којбило нејзин член, односно се повредува нивниот углед и репутација;
- непочитување на основните начела наведени во член 14, став 2 од овој Статут;
- доколку против членот е отворена стечајна или постапка за ликвидација.

Причините за исклучување на член на АСОЦИЈАЦИЈАТА ги утврдува Собранието со посебна одлука која претставува основ за исклучување на членот.

**Член 12**

На член на АСОЦИЈАЦИЈАТА му престанува членството доколку престане да постои во правниот промет, односно биде избришан од соодветниот регистар при Централниот регистар на РСМ, а претходно не е исклучен од членство.
На член на АСОЦИЈАЦИЈАТА му престанува членството доколку истиот истапи од членство со претходно писмено известување за истапувањето и рок за истапување од 30 дена,сметано од денот на доставувањето на писменото известување.
Членот кој истапува е должен да ги исполни неговите обврски кон Асоцијацијата согласно овој Статут и другите акти на истата.

Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ**

**Член 13**

Права на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА се следните:

- да избираат и да бидат избирани во органите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- преку своите претставници непосредно да учествуваат во одлучувањето наСобранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да бидат благовремено и целосно информирани за работата и активностите наАСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес за членовите наАСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да бараат ангажирање на АСОЦИЈАЦИЈАТА кај надлежните органи во врска со актуелни прашања кои се однесуваат на работењето на членовите;
- да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активностикои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи од усвоените одлуки изаклучоци во рамки на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да ги застапуваат интересите и ставовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА; и
- други права утврдени со овој Статут или со останатите акти на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

**Член 14**

Обврски на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА се следните:

- да ги исполнуваат финансиските обврски кон АСОЦИЈАЦИЈАТА, односно редовно и навремено да плаќаат членарина во целосен износ;
- редовно да присуствуваат на состаноците на Собранието, односно да учествуваат во неговото одлучување;
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата и активностите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да го почитуваат Статутот и останатите акти и одлуки на органите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да ги исполнуваат доверените задачи што произлегуваат од Статутот, како и од одлуките донесени од органите на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- да обезбедуваат учество на стручни лица во работата на постојаните иповремените работни тела во рамки на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- други обврски утврдени со овој Статут или со останатите акти на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Во работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА, секој член има обврска да се придржува кон следните начела:

- транспарентност во работењето втемелена на општо прифатените етички и професионални стандарди на струката и регулаторната рамка;
- доверливост и тајност на податоците и информациите добиени во текот на работењето;
- забрана за злоупотреба или користење на податоци и информации добиени во текот на работењето со цел стекнување лична корист, а во спротивност со целите наАСОЦИЈАЦИЈАТА или причинување штета на друг член или на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- примена на добри деловни обичаи и деловна пракса;
- придржување кон правилата на пазарна конкуренција и фер пазарен натпревар;
- примена на најдобри стандарди за заштита на угледот на струката во однос најавноста и клиентите;

- сите други начела карактеристични за дејноста на членовите кои ќе ги определи АСОЦИЈАЦИЈАТА со посебен акт или одлука.

**Член 15**

Членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА не одговараат со својот имот и средства за обврските на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Членовите одговараат за своите обврски кон АСОЦИЈАЦИЈАТА, во случај на: злоупотреба на средства на АСОЦИЈАЦИЈАТА, постигнување цели што за нив како поединечни членови се забранети согласно Статутот и актите на АСОЦИЈАЦИЈАТА, како и во случај на злоупотреба на самата АСОЦИЈАЦИЈА за остварување на свои цели и интереси.

Членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА и нивните застапници се солидарно одговорни кон АСОЦИЈАЦИЈАТА за штетата од работењето и одлучувањето предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета освен во случаите коган е учествувале во одлучување или го издвоиле своето мислење на записник при самотоодлучување.

Барање до член на АСОЦИЈАЦИЈАТА за надоместок на штета сторена во смисла на став 3 од овој член поднесува Собранието.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО (СОСТАВ, НАЧИН НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, МАНДАТ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ)

**Член 16**

Органи на АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈАТАТА се:

1. Собрание,
2. Претседател.
3. Управен одбор
4. Надзорен Одбор
5. Суд на честа

**Член 17**

Членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА за заедничките работи одлучуваат на Собрание.

Собранието е највисокиот орган на одлучување кој го организира нејзиното работење и управување.

Собранието го сочинуваат сите членови по автоматизам согласно нивното членство АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Преку Собранието, неговите членови вршат надзор над работењето на АСОЦИЈАЦИЈАТА, ја следат примената на Статутот, се грижат за работењето и имотот на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Собранието одржува седница секогаш кога има потреба, а во секој случај седницана Собранието се одржува најмалку еднаш годишно.

**Член 18**

Во надлежност на Собранието спаѓаат следните работи и активности:

- го донесува статутот, програмата и другите акти на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб-страна;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа

- одлучува за промена на целта на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите наАСОЦИЈАЦИЈАТА;
- одлучува за статусни промени на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- одлучува за престанок на АСОЦИЈАЦИЈАТА со 2/3 (двотретинско мнозинство) гласови од сите членови, како и за назначување ликвидатор;
- го организира управувањето на АСОЦИЈАЦИЈАТА и ги определува насоките (програмата) на дејствување;
- расправа за прашања од интерес на членовите кои се во рамките на предметот на работење, а за таа цел донесува заклучоци, мислења, препораки и други акти;
- ја донесува годишната програма за работењето на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- формира постојани и повремени работни тела, комисии, стручни служби, секции,одбори, работни групи и други форми на организирање и работење;
- го усвојува деловникот за работа на Собранието и сите упатства, правилници идруги акти за работење на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- го врши изборот и именувањето на претседател на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ги разрешува претседателот на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- го усвојува извештајот за работењето на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- го усвојува годишниот финансиски план до крајот на годината која претходи на годината за која планот се подготвува;
- одлучува за прием на нови членови;
- одлучува за исклучување на член;
- ја утврдува висината на членарината на членовите;
- врши други работи утврдени со овој Статут или со друг акт.

За работите од надлежност на Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА истото донесува одлуки со одржување седници или со одлучување без присуство на членовите, на начин предвиден во овој Статут.

**Член 19**

Од редот на претставниците - членовите во Собранието, се избира претседател на Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

За Претседател може да биде предложен и изгласан полноправен член кој во последната година земал активно учество и придонел во работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА и се истакнал со личен придонес.

Мандатот на претседателот на Собранието е 2 (две) години со право на реизбор.

За работата во АСОЦИЈАЦИЈАТА на Претседателот на Собранието му следува месечен надоместок, кој со Одлука го утврдува Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Претседателот на Собранието во исто време е и претседател на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Изборот на нов претседател се врши во последните 30 дена од мандатот напретходно избраниот претседател, а најдоцна до денот на истекот на мандатот. Доколкуне се избере нов претседател во наведениот рок, во таков случај мандатот на претходноизбраниот претседател се продолжува до избор на нов претседател.

На претседателот може да му престане функцијата и пред истек на мандатот, а поради смрт, оставка, трајна спреченост за извршување на функцијата. Настапувањето на условите за престанок на функцијата ги утврдува Собранието со посебна одлука.
Претседателот може да биде разрешен од функцијата со одлука на Собранието, заради постапки и дејствија што го прават недостоен за вршење на функцијата, како и заради нестручно и несовесно вршење на функцијата.

**Член 20**

Претседателот се избира со одлука на Собранието, а по предлог на најмалку 1/5 (една петтина) од членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
Претседателот ги има следните надлежности:

- го претставува и го застапува Собранието како највисок орган на АСОЦИЈАЦИЈАТА,
- ја застапува и ја претставува АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ги врши сите работи и ги презема сите потребни дејствија во управувањето соАСОЦИЈАЦИЈАТА;
- учествува, ја организира работата и ги води седниците на Собранието;
- потпишува одлуки и записници од седници на Собранието;
- ја претставува АСОЦИЈАЦИЈАТА на сите официјални состаноци и протоколарни средби со државни органи, институции и трети лица, како и при преговори за прашања од доменот на предметот на работење на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ги склучува договорите и останатите правни дела во име и за сметка наАСОЦИЈАЦИЈАТА во случаите кога таа стапува во деловни односи со трети лица, односно ги презема сите потребни дејствија за набавка и купување на основни средства;
- дава предлог за свикување седници на Собранието и тоа по своја иницијатива или на барање на потребниот број членови согласно член 21 став 2 од овој Статут, по кои е должен да постапи и да свика седница или да закаже одржување Собрание;
- го предлага дневниот ред за одржување на Собранието и го одобрува текстот наматеријалите кои се однесуваат на дневниот ред;
- ја претставува АСОЦИЈАЦИЈАТА во меѓународните организации;
- врши и други работи кои му се доверени со овој Статут или кои ќе му ги довериСобранието.

**Член 21**

Собранието го свикува претседателот, секогаш кога има потреба од негово одржување.
Собранието се свикува задолжително по барање на најмалку 1/3 (една третина) одчленовите и истото мора да одржи вонредна седница врз основа на таквото барање, најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за одржување.
Доколку не се одржи седница во смисла на став 2 од овој член од било кои причини, членовите на Собранието по протек на рокот од 30 дена може сами да сесостанат известувајќи ги сите членови поединечно за времето на одржување на вонреднаседница. Во таков случај, доколку на вонредната седница се обезбеди присуство нанајмалку 1/2 (една половина) од вкупниот број на членови, се избира претседавач соседницата а по потреба и записничар со мнозинство предвидено во член 23 став 1 од овојСтатут и се создаваат услови за полноважно одлучување на Собранието согласно овојСтатут.

Собранието по правило се одржува во седиштето на АСОЦИЈАЦИЈАТА, а може да се донесе одлука истото да се одржи и на друго место надвор од седиштето.
Собранието може да одлучува на еден од следните начини и тоа:

- со одржување седници и присуство на претставниците на членовите и
- со одлучување без присуство на членовите (преку телефонска конференција, преку користење интернет-врска за комуникација, со потпишување на одлука, одлучување/гласање преку електронска пошта).

Поканата за одржување седница на Собрание се испраќа до сите членови, а во поканата се одредуваат денот, часот и местото на одржување на седницата, со предлог-дневен ред и доставување на материјалите за предложените точки од дневниот ред.
Покана за Собрание се праќа по редовна пошта или по електронска пошта на е-маил адресата на членовите на Собранието, и тоа најдоцна 3 (три) работни денови пред одржување на Собранието.
Во случај на одлучување од страна на Собранието без присуство, согласно став 4алинеја 2 од овој член, видот на одлучување без присуство ќе биде утврден во самата покана. Како учесници во одржувањето на Собранието на овој начин ќе се сметаат сите членови до кои е испратена покана, односно известување, а кои го пријавиле своето учество на Собранието.

**Член 22**

Гласањето на Собранието е јавно, а членовите може да одлучат за поединечна точка од дневниот ред на седницата на Собранието да се гласа тајно.
Доколку со овој Статут не е поинаку определено, за донесување одлуки на Собранието потребно е на седницата на Собранието да присуствуваат, односно при неговото одржување на друг начин освен на седница да учествуваат над 1/2 (еднаполовина) од вкупниот број на членови на Собранието.
При одржување седници на Собранието се води записник во кој се внесуваат податоци за текот на седницата и се внесуваат сите одлуки на Собранието, а доколку истото се одржува на друг начин освен на седница, резултатите од изјаснувањето се констатираат на записник подготвен во писмена форма, кој се приложува кон книгата за одлуки. Кон записникот се приложуваат одлуките и начинот на гласање/произнесување на секој од членовите на Собранието поединечно.
Во случај да текстот на било која одлука на Собрание со идентична содржина епотпишан од претставник на секој од членовите на Собранието по претходно доставувањена материјалите, таквата одлука ќе се смета за донесена и полноважна согласнопроизнесувањето на претставниците и постигнатото мнозинство во смисла на член 23 став 1 одовој Статут, а без оглед на начинот на свикување на Собранието, како и без оглед даличленот пријавил или не учество на Собрание. Ваквиот начин на одлучување ќе бидеконстатиран на записник од одржаното Собрание.

**Член 23**

Собранието носи одлуки, кои ќе бидат полноважни ако за нив се изјаснат или ги прифатат 2/3 од присутните членови на Собранието.
По исклучок од став1 од овој член, со овој Статут може при одлучување наСобрание да се определи и друг вид на мнозинство за одредени прашања и работи одзначење АСОЦИЈАЦИЈАТА.
При одлучувањето на Собрание, членовите може да гласаат или „ЗА” или„ПРОТИВ”, а во случај на еднаков број на гласови „ЗА” и „ПРОТИВ”, одлучува гласот напретседателот на Собранието.

Во случај на постоење на судир на интереси на член на Собрание при конкретноодлучување на Собранието, потребното мнозинство за донесување на полноважнаодлука се обезбедува од останатите членови на Собранието кои немаат судир на интересприодлучувањето.

**Член 24**

**Управен одбор**

Управниот одбор (во понатамошниот текст „УО“) ќе се состои од најмалку 5 полноправни претставници од Собранието кои со одлука ги потврдува Собранието на седница на Собранието.Со цел запазување на интересите на сите членови на АСОЦИЈАЦИЈАТА и еднаква застапеност на сите дејности кои ги вршат членовите во Асоцијацијата, избраните членови на Управниот Одбор на АСОЦИЈАЦИЈАТА се бираат по принципот по еден преставник од секоја од застапените дејности.

Членовите на УО од своите редови бираат претседател на УО.

УО одлучува за следните работи:

- општо водење на работите на Асоцијацијата;
- именува потписници на сметката на Асоцијацијата;
- ја утврдува основицата и стапката на членарината во АСОЦИЈАЦИЈАТА
- други прашања кои не се во надлежност на Собранието

УО е овластен да основа комисии, постојани и повремени работни тела кои се неопходни за работењето на Асоцијацијата.

За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Асоцијацијата.

УО ќе држи седници најмалку еднаш квартално. Сите седници и други состаноци ќе ги води Претседател на УО

Претседателот на УО, најмалку седум дена претходно, ќе испрати до секој член покана за седницата на УО заедно со времето и местото на седницата како и предложениот дневен ред, а во итни случаи може и во покус рок, но не покус од три денови. Предметот на работа на УО не е ограничен на тоа што е наведено во известувањето за седницата.

3 присутни членови на УО на седницата ќе претставува кворум. Работите на УО се одлучуваат со просто мнозинство гласови од присутните полноправни членови. Претседателот на УОќе го има одлучувачкиот глас, доколку дојде до еднаква поделба на гласовите.

Седниците на УО се држат во просториите на Асоцијацијата, освен доколку Претседателот на УОне одлучи поинаку.

УО е овластен да основа комисии кои се неопходни за функционирање на Асоцијацијата, да ја определи нивната форма и овластувања.

УО ќе биде одговорен за раководење на активностите на Асоцијацијата.

Мандатот на секој член на УО, како и на претседателот на УО, ќе биде две години.

Во УО не може да членува лице кое не е физички присутно во Македонија најмалку шест месеци во годината.

УО ќе дава извештај за работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА до Собранието секоја година.

УО по завршувањето на секоја седница има обврска да достави записник од седницата до сите членки на Асоцијацијата најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на седницата на УО, по електорнски пат до секоја членка.

Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

**Член 25**

**Надзорен одбор**

Надзорниот одбор брои најмалку 5 членови кои со одлука се избираат на Собранието на Асоцијацијата. Членовите на Надзорниот одбор од своите редови бираат претседател на НО. Надзорниот одбор работи на седници кои се одржуваат по потреба. Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор. Мандатот на претседателот на НО и членовите на НО се избираат за време од две години со право на повторен реизбор.

Надзорниот одбор:

- врши надзор врз законитоста на работењето на АСОЦИЈАЦИЈАТА
- врши контрола на финансиското и материјалното работење на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ја разгледува завршната сметка на АСОЦИЈАЦИЈАТА и дава мислење на седница на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
- врши надзор над спроведувањето на Статутот, одлуките и другите правни акти,
- врши надзор над остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА
- други работи кои ќе му ги додели Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА

За својата работа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Сојузот.

**Суд на честа**

Во рамките на АСОЦИЈАЦИЈАТА собранието со посебен акт ќе формира посебен орган - Суд на честа како независен орган кој ќе се грижи за развивање, остварување и зајакнување на добрите деловни обичаи и деловниот морал како и заштита на истите. Истовремено Судот на Честа ќе одлучува и за неизвршување на обврските на членовите на Асоцијацијата, како и за други повреди на актите на Асоцијацијата за чии повреди може да се изречат мерки во согласност со рамките на актите на Асоцијацијата, како и повреди на добрите деловни обичаи односно правилата на деловната етика.

Судот на честа брои најмалку 3 членови од редот на членовите на Асоцијацијата, избрани со одлука на Собранието.

**ЗАСТАПУВАЊЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА**

**Член 26**

Овластено лице за застапување по закон (застапник) на АСОЦИЈАЦИЈАТА е лицето кое согласно со овој Статут е именувано за:претседател на АСОЦИЈАЦИЈАТА

Во отсуство на Претседателот на Асоцијацијата, Асоцијацијатаја застапува Претседателот на управниот одбор.

Претседателот ја застапува АСОЦИЈАЦИЈАТА во правниот промет и во односите со третите лица и ги врши правата и обврски во согласност со закон, овој Статут и актите на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

За застапник по закон на АСОЦИЈАЦИЈАТА може да биде именувано деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија во согласност со закон.

**НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 27**

АСОЦИЈАЦИЈАТА стекнува средства од:

- членарина;
- подароци (во пари, добра, имотни права), прилози, донации;
- закупнини;
- издавачка дејност;
- приходи од инвестиции, заеми;
- приходи од проекти, и
- други приходи во согласност со закон, овој Статут и останатите акти кои ги носиАСОЦИЈАЦИЈАТА.

**Член 28**

АСОЦИЈАЦИЈАТА може да стекнува имот кој го сочинуваат сопственички и други стварни права над движни и недвижни ствари вложени во АСОЦИЈАЦИЈАТА или стекнати со нејзиното работење.

**Член 29**

Висината на членарината од член 27, став 1, алинеја 1 од овој Статут се определувасо одлука на Собранието при што може да се определи еднаков износ за сите членови или различни износи во зависност од активата, големината, сложеноста, и сл.

Одлуката за определување на висината на членарината од став 1 од овој членможе да се промени во секое време со донесување на нова одлука на Собранието.

Начинот на плаќање на членарината се определува со одлука на Собранието.

Во случај да годишниот финансиски план на потврден од Собранието ги надминува севкупниот износ на основни членарини на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА, разликата помеѓу утврдениот годишен финансиски план и износот кој се добива со уплата на членарините, се пополнува на тој начин што основната членарина се зголемува за износ кој го плаќаат членовите и тоа соодветно на начинот на кој е определена висината на членарината за секој од нив согласно одлуката на Собранието.

**Член 30**

Располагањето со средствата стекнати по основите наведени во член 27 од овој Статут се врши од страна наПретседателот за следното:

- извршување на работите во рамки на неговите надлежности определени со овој Статут или со друг акт;
- Организација на промотивни активности, конференции, советувања, изложби, обуки, издавачка дејност и други настани од значење за АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- Покривање на трошоци (дневни, патни, сместување, престој) на претставник/претставници на член на АСОЦИЈАЦИЈАТА, вработени лица или претставник/претставници од постојаните или повремените работни тела, на официјални настани, конференции и советувања и слично, во земјата и во странство кои се од значење АСОЦИЈАЦИЈАТА;

За располагање со имотот на АСОЦИЈАЦИЈАТА од член 28 од овој Статут одлучува Собранието со посебна одлука.

**Член 31**

Финансиските средства АСОЦИЈАЦИЈАТА се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со Статутот и Програмата, а при таквото користење се води сметка за економската оправданост, целесообразност и заштита на интересите на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Членовите на органите, нивните претставници во Собранието, се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес наАСОЦИЈАЦИЈАТА, односно во интерес на остварување на нејзините цели надминувајќи ги притоа своите лични интереси.

Претставниците на членовите на органите може да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на АСОЦИЈАЦИЈАТА во согласност со закон.

Вработените во АСОЦИЈАЦИЈАТА имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

**Член 32**

Годишните извештаи за работењето, како и годишните финансиски извештаи ги подготвува и изработува претседателот и тоа по завршување на календарската година за која истите се однесуваат. По изработка на извештаите, истите се ставаат на увид на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА кои имаат право на забелешки, укажувања, соодветни корекции или образложение во форма на одговор.

По исцрпување на дејствијата од став 1 од овој член, се закажува седница/одржување на Собрание на која се донесуваат одлуки за одобрување на извештаите од став 1 од овој член.

Рокот за донесување на одлуките од став 2 од овој член е најдоцна три месеци по истекот на деловната година за која истите се составуваат.

АСОЦИЈАЦИЈАТА е должна да ги објавува годишните извештаи од став 1 од овој член на нејзината официјална веб страница или да ги направи достапни до јавност на друг соодветен начин, сето претходно најдоцна до 30 април за претходната година.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 33**

Работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА е јавна и транспарентна како спрема членовите, така и спрема пошироката јавност.

Јавноста и отчетноста во работењето се обезбедува со следното:

- АСОЦИЈАЦИЈАТА е должна редовно да ги известува членовите за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работата на органите и организационите форми во рамки на АСОЦИЈАЦИЈАТА, како и со поднесување извештај за материјалното и финансиското работење;
- секој член има право да врши увид во работата на органите, а ако дознае занеправилности во примената на Статутот или во финансиското работење, истиот имаправо да побара од Собранието да ја отстрани неправилноста;
- секој член има право да учествува во креирање на политиката и програмскитеопределби на АСОЦИЈАЦИЈАТА, работата и одлучување на Собранието како највисок орган со најширок обем на овластувања;

- АСОЦИЈАЦИЈАТА редовно ја известува јавноста за нејзиното работење, за тековните активности и за програмските задачи преку користење на медиумите како веб-сајт, интернет, печат, радио и телевизија, а врши и јавно објавување на Статутот и останатите акти на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

**НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**
**Член 34**

Статутот на АСОЦИЈАЦИЈАТА се донесува на основачко Собрание и тоа едногласно од страна на сите членови – основачи на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
Во случај на изменување и дополнување на Статутот, предлог-текстот за изменување и дополнување или предлог-текстот на новиот Статут мора претходно да им биде доставен на сите членови на разгледување, а истите во рок од 3 (три) дена имаат право да дадат свои забелешки и укажувања кои се земаат предвид при изработка на предлог-текстот.
По исцрпување на активностите од став 2 од овој член, се закажува Собрание накое се одлучува за изменување и дополнување на Статутот на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
Статутот може да се измени и дополни или да се донесе нов Статут, со одлука на Собранието која се носи со 2/3 (двотретинско мнозинство) од вкупниот број на членови на Собранието.
При секоја измена и дополнување на Статутот, се изработува пречистен текст на Статутот во кој се внесуваат извршените измени и дополнувања. Примерок од пречистениот текст се доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**
**Член 35**

Програмата за дејствување АСОЦИЈАЦИЈАТА се донесува на основачко Собрание и тоа едногласно од страна на сите членови – основачи на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
Во текот на работењето, АСОЦИЈАЦИЈАТА донесува:

- програма и план за активностите за секоја календарска година и
- годишен финансиски план за приходите и расходите кој ги содржи приходите штосе стекнуваат согласно член 27 и 28 од Статутот, како и расходите за општественатаактивност, за плати на вработени, за заедничка потрошувачка на вработените, хонорари,материјалните трошоци за работата и други расходи поврзани со работењето.

Предлог-програмите и плановите од став 2 од овој член се доставуваат до сите членовипред нивното усвојување и секој од нив има право во рок од 3 (три) денада даде свои забелешки и укажувања со цел истите да се земаат предвид при изработкана конечниот текст.
По исцрпување на дејствијата од став 3 од овој член, се закажува седница/одржување на Собранието на која се донесуваат одлука за одобрување на плановите и програмите од став 2 од овој член.

**ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ**
**ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО**
**Член 36**

Во случај на престанок на работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА под услови предвидени во законот или со овој Статут, а доколку после намирување на обврските на АСОЦИЈАЦИЈАТА преостанат парични средства, истите се распределуваат на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТАсразмерно и соодветно на

износот на вкупната членарина платена од страна на секој одчленовите за период од последните 3 (три) години од постоењето на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

Доколку по престанокот на работата на АСОЦИЈАЦИЈАТА преостане движен или недвижен имот кој не бил паричен, истиот ќе се распредели на идеални делови на членовите наАСОЦИЈАЦИЈАТА по истиот принцип како во став 1 од овој член.

**ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ**
**ВО РАМКИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**
**Член 37**

Во рамките на АСОЦИЈАЦИЈАТА може да се организираат и да дејствуваат постојани и повремени работни тела, комисии, стручни служби, секции, одбори и други облици на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредена дејност.

Покрај комисиите, може да се основаат и комисии за други области, како и други постојани или повремени облици на работење и дејствување и тоа со посебни одлуки на Собранието каде се утврдува потребата од нивно основање, целите и задачите, како и начинот на работење, дејствување, членување, обезбедување средства за работа и сите останати околности.

**СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛИЦА**
**Член 38**

По прашања од заеднички интерес согласно целите и дејностите утврдени со овојСтатут, АСОЦИЈАЦИЈАТА соработува со други лица, здруженија, асоцијации, регионални комори и други форми на организирање и работење од земјата и од странство.

По прашањата од заеднички интерес може да се организираат и заеднички седници со лицата со кои се остварува соработка доколку тоа е од интерес за АСОЦИЈАЦИЈАТА.

АСОЦИЈАЦИЈАТА може да остварува соработка со органи и институции надлежни за прашања од интерес на членовите на АСОЦИЈАЦИЈАТА, во согласност со целите и задачите утврдени со овој Статут. АСОЦИЈАЦИЈАТА може да членува во меѓународниорганизации и здруженија со исти или слични цели, задачи, начела и определби.

**ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО**
**Член 39**

АСОЦИЈАЦИЈАТА престанува:

- ако Собранието донесе одлука за престанок со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од сите членови на АСОЦИЈАЦИЈАТА;
- ако бројот на членовите падне под 5 (пет) основачи – членови;
- со одлука на суд и
- кога ќе се исполни кој било од останатите услови предвидени со закон запрестанок на АСОЦИЈАЦИЈАТА (поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана; во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон; статусна измена која предвидува престанок на постоењето, донесена одлука на надлежен суд; стечај, спроведена ликвидација).

Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 40**

АСОЦИЈАЦИЈАТА одговара за своите обврски спрема трети лица и тоа со целиот нејзин имот и средства.

**Член 41**

Сите трошоци во текот на работењето ќе се намируваат од средствата на АСОЦИЈАЦИЈАТА.

**Член 42**

Одредбите од овој Статут ги толкува Собранието на АСОЦИЈАЦИЈАТА.
За сите прашања кои не се регулирани со овој Статут, се применуваат одредбите одЗаконот за здруженија и фондации и останатите законски и подзаконски прописи важечкиво Република Северна Македонија.

**Член 43**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување на основачкотоСобрание и истиот се поднесува за запишување на АСОЦИЈАЦИЈАТА во соодветниот регистар на здруженија при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Скопје, 04.06.2020

За Асоцијација за остварување на
заеднички интереси и унапредување на
работењето на компаниите
во областа на евент индустријата –
**АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА ИВАП Скопје**

Асоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на евент индустријата - АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА
ИВАП
Скопје

______________________________

Претседател Маја Бабиќ